# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ БИТОЛА

ул. Булевар 1-ви Мај 268, 7000 Битола • тел. 047 236 036
• e-mail: zdr_napenzioneribt@t.mk




# Програма за работа
# на Здружението на пензионери Битола
# за 2024 година

Согласно Статутот на Здружението на пензионери Битола  за реализација на активностите на Здружението, Собранието на ЗП Битола на крајот на секоја година донесува Програма за работа на органите и телата на Здружението за наредната година.

Здружението на пензионери Битола во 2024 година своите активности ќе ги насочи кон реализација на целите и задачите предвидени со Законот за Здруженија и фондации и Статутот на Здружението.

Имено Здружението ќе продолжи со грижата за остварување на правата на пензионерите од пензиско - инвалидското осигурување, социјалното и здраственото осигурување. Овие активности Здружението ќе ги реализира преку претставницициците делигирани во органите на Сојузот на здруженијата на пеннзионери на Република Северна Македонија.

Исто така активностите на Здружението ке бидат насочени и кон остварување на потребите на пензионерите посебно на оние кои спаѓаат во ранливи категории ( социјално загрозени, изнемоштени, самци и др.) со давање на одредена помош со згрижување во старски и пензионерски домови, купување и доставување на прехрамбени продукти, набавка на лекови средства за хигиена и други потреби, сето тоа во соработка со волонтерите од Општинската организација на Црвениот крст од Битола и Локалната самоуправа.

Ќе се продолжи со давање на хуманитарна помош и др. донации по оцена на Извршниот одбор, со донесување на посебни одлуки, како и помошти организирани заедно со Локалната самоуправа преку програмата за Социјална заштита за 2024 год .

Здружението на пензионери Битола и во наредниот период ќе посредува при набавката на огревно дрво за пензионерите.

Здружението на пензионери Битола и во наредниот период ќе посредува при набавката на прехрамбени продукти, ќе обезбедува бесплатна лабараториска анализа на шеќер во крвта, триглицериди, холестерол и бесплатно мерење на крвен притисок еднаш месечно.

Ќе се продолжи со организирање на еднодневни екскурзии за пензионерите во пролет и во есен.

Една од главните активности во наредната година ќе биде обезбедување на простории во Месните заедници за пензионерски клубови. За таа цел раководството на ЗП Битола ќе биде во постојана комуникација со Градоначалникот и Локалната самоуправа во добивање на простор на користење во Месните заедници за клубови на пензионерите.

Ке се продолжи комуникацијата со надлежните органи за добивање на „Хотел Битола“ во сопственот или на  управување, со намена за пензионерски дом.

Пензионерите од ЗП Битола ќе учествуваат на регионалните и републичките спортски натпревари  во 2024 год. организирани од СЗПМ, како и учество на натпревари со други здруженија од Републиката.

Ќе продолжи учеството на пензионерите на регионалните и републичките ревии на песни музика и игра во 2024 год. организирани од СЗПМ.

Една од важните активности на ЗП Битола во текот на 2024 год. ќе биде доршување на активностите за изготвување на социјална карта на пензионерите на ЗП Битола.

Исто така важна работа за пензонерите е заштита од семејно насилство во 2024 година во фокус ќе биде и доследна примена на Законот за заштита од дискримнација што подразбира исклучување, разликување и ограничување, вознемирување на одредена целна група, за што наша заложба е да не бидат тоа пензионерите.

Значајно е и следење на Законот за заштита од семејно насилство што подразбира заштита од малтретирање, повредување, загрозување, физичко и економско насилство, како и измами на пензионерската популација како ризична целна група.

ЗП – Битола ќе одржува предавања односно информирање како да се заштитат пензионерите од семејното насилство и дискриминација со користење на предвдените казнени механизми за заштита од страна на надлежните институции.

ЗП – Битола ќе се залага за активности за заштита на човековата околина каде ќе се грижи за унапредување на животната средина во соработка со надлежни органи, подготвување на промотивен матерјал за подигање на свеста за зачувување на здрава околина особено важно за пензионерите.

Програмските активности на ЗП Битола се реализираат преку активностите на органите и телата на здружението и тоа: Собранието, Извршниот одбор, Надзорниот одбор и Комисиите формирани од Собранието и Извршниот одбор. Воедно тука спаѓаат активностите на стручната служба на Здружението.

## I  Собрание на Здружението на пензионери Битола

Собранието на ЗП Битола во текот на 2024 год. ке ги има следните активности:

1. Усвојување на програмата за работа на Здружението за 2024г. на предлог на Извршниот Одбор

Рок Декември 2023год.

2. Усвојување на финансискиот план на Здружението за 2024 год. на предлог на Извршниот Одбор

Рок Декември 2023год.

3. Усвојување на годишниот извештај за работа на Здружението во 2023 год. на предлог на Извршниот одбор.

Рок Јануари - Март 2024год.

4.Усвојување на завршната сметка на Здружението за 2023год. на предлог на Извршниот одбор.

Рок Јануари - Март 2024год.

5. Усвојување на извештајот од Надзорниот Одбор за 2023год.
Рок Јануари - Март 2024год.

6.Усвојување на периодичната пресметка за финансовото работење на ЗП Битола за периодот од 01.01 до 30.06 2022 год.
Рок Август2024год.

Покрај наведените активности Собранието во текот на 2024 год. може да разгледува и други прашања кои ќе произлезат од активностите на здружението, а согласно Статутот се во негова надлежност.

**II Извршен одбор на Здружението на пензионери Битола**

Извршниот одбор на своите седница во текот на 2024 год. ќе донесува, согласно Статутот на Здружението, одлуки, решенија и други акти кои произлегуваат од тековното работење на Здружението, а ќе ги спроведува и одлуките и заклучоците донесени од Собранието на Здружението.

Во 2024год. Извршниот одбор ќе донесува одлуки за тековно и инвестициoно одржување на објектите – основни средства на Здружението во согласност со средствата предвидени во финансовиот план, односно во согласност со финансиските можности на здружението и потребата од одржување на основните средства.

За сите посебни инвестирања во одржувањето и набавка на основните средства, како и користење на средства за организирање на културни, спортски и други активности кои се во функција на Здружението ИО ќе носи посебни одлуки.

Извршниот одбор во 2024 год. ќе остварува соработка со Општините Битола, Новаци и Могила, со Црвениот Крст на Македонија О.О.Битола, Домот за народно здравје и со одделни невладини организиации се со цел помагање на стари и изнемоштени лица – пензионери за обезбедување на потребните животни намирници, обезбедувње на лекови, и други потреби на овие лица се со цел овозможување на услови за нивниот подобар живот.

Соработката со досега збратимените здруженија надвор од Републиката, ќе продолжи и во 2024 год. а ќе се воспоставува соработка и со нови здруженија. Истовремено ќе продолжи соработката со здруженијата на пензионери од Републиката. `

Ќе продолжи во 2024 год. со обезбедување на некои прехрабрени производи, на рати и по пониски цени.

Ќе се продолжи соработката со одделни лабаратории за испиување на шеќер, холестерол и триглицериди во крвта на пензионерите, како и со грижата за болните и изнемоштени пензионери сместени во старските домови со преземвање на активности за подобрување на условите, ќе се донираат средства, лекови и други нивни потреби.

**III Надзорен одбор на Здружението на пензионери Битола**

Надзорниот одбор во 2024 год. перманентно ќе го следи работењето на Собранието и Извршниот одбор со присуство на нивните седници, а по потреба ќе одржува и седници за разгледување на одделни прашања од материјално-финансиското работење на здружението, како и спроведување на одредбите од Статутот на Здружението.

**IV Комисии**

Комисиите формирани од страна на Собранието и Извршниот одбор во текот на 2024год. ќе се ангажираат, секоја во својата област на дејствување, за реализирање на статутарните и програмските активности на здружението.

**-Комисијата за статут** и правни прашања ќе ги следи прописите од областа на пензиското и здравственото осигурување, како и примената на Статутот и другите акти на Здружението. Исто така по потреба ќе предлага измени и дополнување на

Статутот, донесување на одделни акти на Здружението или нивно изменување или дополнување.

**-Комисијата за здравство и здравствена помош** ќе решава по барањата на пензионерите за еднократна парична помош за одредени болести предвидени во правилникот за здравсто и здравствена заштита на корисницте на пензија, а по потреба ќе предлага и измена и дополненија на правилникот во смисла на предвидување на нови болести, за кои ќе се одобрува парична помош.

**-Комисијата за стандард и снабдување** ќе ги разгледува пристигнатите понуди за набавка на стоки и услуги за потребите на Здружението, и изведување на определени работи. Под стоки и услуги се подразбира набавка на основни средства и инвентар како и прехранбени прозиводи за пензионерите.

**-Комисијата за стан и станбени прашања** ќе ги разгледува и одлучува по поднесените барања за обезбедување на станови под наем од страна на пензионери со ниски пензии и нерешено станбено прашање.

**-Комисијата за забава и култура** ќе организира културно забавни манифестации на пензионерите на општинско, регионално ниво и на ниво на РСМ во рамките на средствата предвидени за таа намена со финансовиот план на здружението и програмата за работа на комисијата.

**- Комисијата за спорт и спортски активности** ќе се ангажира за формирање на секции во одделни области на спортот и ќе работи на подготовка на спортистите-пензионери за учество на општински регионални и републички спортски игри во организација на СЗПМ и за постигнување на што подобри резултати, како и во други организирани спортски настани со други здруженија на пензионери.

**-Комисијата за клубови** ќе работи на формирање и организација на месни клубови во урбаните и руралните заедници каде пензионерите ќе се собираат и организирано ќе го поминуваат слободното време во играње на шах, карти и други општествени игри корисни за нив.

**-Комисијата за соработка со други здруженија** од РСМ и надвор од земјата во 2023 год. ќе се ангажира за воспоставување на односи на ЗП Битола со други здруженија надвор од РСМ и ќе организира соработка со тие здруженија во смисла на воспоставување на трајна соработка со истите. Исто така оваа комисија ќе работи на воспоставување на соработка со здруженијата на пензионери од РСМ со кои досегшаниот период ЗП Битола нема воспоставено односи на соработка.

**-Комисијата за доделување на помош** на членови на здружението и хуманитарни акции ќе организира, во соработка со Општините, Црвениот Крст на Македонија О.О.Битола и невладините организации, хуманитарни акции и доделување на помош на пензионери членови на ЗП Битола кои имаат потреба од таква помош.

**-Комисијата за попис** еднаш годишно, на крајот од годината ќе врши попис на основните средства, ситниот инвентар, паричните средства, побарувањата и обврските, а по потреба истото ќе го прави и во текот на годината.

**V. Секцијата на жени**

Секцијата на жени во 2024 год. ќе се ангажира за ажурирање на списоците на жени-членки на ЗП Битола по Месни ограноци со цел за зголемување на членството на Секцијата на жени, заради што поголема масовност и транспарентност во работа.

Ќе одржува редовни состаноци во определени термини во текот на годината согласно програмата, ќе одржува заеднички средби со одделни комисии на здружението во области што ја тангираат жената пензионерка, посебно со комисијата за забава и култура ќе соработува со локалната самоуправа, граѓански организации и оддени институции во државата, кои се надлежни за пензионерите..

Во текот на 2024 год. ќе организира и одржување на одделни трибини како што се човековите права, поетски вечери, физичката активност и здравјето на пензионерите, исхраната и здравјето од третото доба, бебедноста во домот и сообраќајот, а ќе одржи и работилница за обука и заштита на пензионерките за подигање на пензија од банките, преку банкомат и шалтер, како и дигитално описменување.

Активноста на секцијата на жени во 2024 год. ќе биде насочена и кон реализирање на хуманитарни акции по разни поводи како што се:

-Посета и честитање на новогдишните и божиќните празници со новогодишни подароци во Домовите за стари лица во Битола, Домот за деца без родители, децата со попреченост и Училишниот центар за деца со оштетен слух говор и глас, во крајот на месец Декември 2023 год. и Јануари 2024 год.

-Традиционална прослава на старата Нова година.

-Одбележување на 8ми Март денот на жената со пригодни настани и со посета на пензионерските домови во Битола со подарување на цвеќе или други подароци за добро здравје на пензионерите.

-На сличен начин ќе се одвиваат активностите за одбележување на христијанскиот празник Велигден.

-За одбележување на Светскиот ден на старите лица, 1-ви Октомври ќе се организираат такмичење во шах, пикадо, домино, ликовни работилници, изложба на рачни ракотворби и гастрономски специјалитети и други, а ќе се посетат и Домот за деца без родители и Ценатрот за деца со посебни потреби.

-По повод светскиот ден на гладтта - 16ти Октомври ќе се организира донација на храна и облека во Црвениот Крст Битола

-По повод „4ти Ноември" – Денот на ослободувањето на Битола ќе се организира традиционаланата забава со учество на повеќе активи на жени – пензионерки од Здруженијата на пензионери во Р. С. Македонија.

Секцијата на жени во 2024 год. ќе се ангажира и на Планот на организирање на екскурзии низ Републиката и надвор од неа, посета на други здруженија на пензионери по повод нивните прослави, како и учество во спортските игри кои ѓи организира здружението, ќе се вклучува и во културните случувања во Општината со посета на театарски претстави концерти и други културни манифестации.

**VI. Пеачка група „Сирма Војвода"**

Пеачката група во 2024год. ќе ги има следните активности:

- Учество на регионаланата и републичката ревија на песни, музика и игри
- Пеење на Широк Сокак по повод денот на песната 21 Јуни
- Учество на фестивалот „Илинденски денови" Битола и на дефилето
- Пеење во чаршијата на манифестацијата „Локум фест" Битола во месец Јули
- Ден на пензионерите „20-ти Септември"
- Концерт по повод Денот на ослободувањето на Битола „4 ти Ноември" заедно со други учесници како КУД „Пензионер" Прилеп и др.
- Учество на Фестивалот „Охридски староградски средби" во Охрид.
- Со Покана за Концерт во Јавната Установа геронтолошки завод „13-ти Ноември" на – 9-ти Декември 2024 год. Јавната установа за стари лица „Сју рајдер" Битола и приватните старски домови.
- Учество на прославата на патрониот празник на Битола „Св. Нектариј Битолски" на 18-ти Декември.

**VII.Стручната служба на Здружението на пензионери Битола**

Стручната служба на ЗП Битола ќе ги извршува актите донесени од И. О. и Собранието на здружението, кои согласно актот за систематизација се во нејзина надлежност.
Оваа програма во текот на нејзината реализација може да претрпи измени и дополнувања.

Декември 2023 година

Битола

Зам. Претседател на Собрание

Вера Ѓоршевска

_____________________________